Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Агенција за млади и спорт**

До: Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат
Оделение за соработка со невладини организации
И
Национален младински совет на Македонија
Ул. Мирослав Крлежа бр. 52-2
1000 Скопје

Бр. 12 - 1249 /2
06 .10.2017 год.
***Агенција за млади и спорт***
Ул.Македонија бр.38
Палата „Панко Брашанаров“
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
+389 (0) 2 3126-270
Факс: +389 (0) 23117-693
Email: contact@ams.gov.mk
**web: www.ams.gov.mk**

Предмет: Произнесување по предлогот на Националниот младински совет на Македонија

Почитувани,

Во врска со барањето за произнесување по предлогот на Националниот младински совет, со Ваш бр.43-6054/2 од септември 2017 година, чии предлог се однесува на повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, објавен од страна на Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладиниот сектор, од делокругот на своите надлежности на Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија, Ве известуваме за следново:

**- Локални младински совети и Локални младински стратегии**

Локалните младински совети во Република Македонија, како идеја за формирање на вакви тела во склоп на Локалните самоуправи, започна да се реализира во текот на 2010 година од страна на Коалиција СЕГА и Агенцијата за млади и спорт во 7 општини ( Штип, Кавадарци, Св.Николе, Теарце, Радовиш, Неготино и Струмица). Од тогаш до денес се формирани вкупно 63 Локални младински совети (прилог листа на општини во кој со одлука на советот на општината има формирано Локални младински совети), на предлог на Агенцијата за млади и спорт, а со препорака од страна на Владата на Република Македонија и со поддршка, во некој од општините, од страна на УНДП, МОФ, Коалиција СЕГА и ЦИД Куманово. Бидејќи никаде во законот за Локална самоуправа, па ни во еден друг закон, не е регулирано формирањетоа на Локалните младински совети, формирањето на истите е во моментот добра волја на раководството и мнозинството на Локалните самоуправи. Од причина што Локалните младински совети претставуваат и им овозможуваат на младите учество на локално ниво, како и тесна соработка на младите со

локалната самоуправа, Агенцијата за млади и спорт во соработка со Локалните ссамоуправи ќе направи препораки за унифицирана постапка за формирање и функционирање на Локалните младински совети. Од причина што Агенцијата за млади и спорт е на мислење дека овие тела во општините се клучни за младите да се вклучат во одлучувачките процеси, се ставени во програмите за работа и во стратешките планови, како врвен приоритет. (НСМ 2016-2025_приоритет Младинско учество) .

Локлни младински стратегии изготвуваат и се усвојуваат од страна на заедниците на Локалните самоуправи, а Агенцијата за млади и спорт ја дава целосната поддршка и иницијатива за изготвување на Локални младински стратегии во сите општини.

**- Отварање на широк консултативен процес за креирање на Закон за млади**

Како еден од приоритетите во Стратешкиот план за 2018-2020 година, е токму отварање на процесот за донесување на Закон за млади.

**- Буџетска поддршка за Националниот младински совет на Македонија**

Владата на Република Македонија во соработка со Агенцијата за млади и спорт во понатамошниот период ќе работи на изнаоѓање на решение за финансиска подршка на НМСМ.

**- Тело за структурна соработка помеѓу институциите и младинските организации**

Агенцијата за млади и спорт смета дека преку создавање на вакво тело, во кое би учествувале претставници на сите институции надлежни за млади и претставници на Младинските организации, би се обезбедил брз и структурен механизам за консултации поврзани со политиките за млади.

Со почит,

Директор

Дарко Каевски

Изработил/одобрил: Г Цекова
06.10.2017

*Доставено: архива на АМС*
*Генерален Секретаријат – Влада на РМ*
*НМСМ*
*Директор на АМС*